Дневни Билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

Извадок на ден од дневни настани 19.03.2024

По преземени мерки и добиени сознанија дека подолг период врши продажба на дрога на зависници во Скопје, на 18.03.2024, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија со дрога - Сектор за недозволена трговија со дрога оружје и опасни материи при Одделот за криминалистичка полиција, во координација со Единицата за недозволена трговија со дрога при СВР Скопје и Специјалната антитерористичка единица Тигар, со судска наредба, извршиле претрес во домот и другите простории на Г.П. (45) од Скопје. При претресот биле пронајдени и одземени хероин, дигитална вага, повеќе предмети со остатоци од хероин и повеќе други вредни предмети за кои постои сомнение дека потекнуваат од кривична дела. Исто така, при претресот во домот на Г.П. бил затекнат и Д.Ж.(46) од Скопје. Двајцата биле лишени од слобода. Претходно, од слобода бил лишен и З.Д.(50) од Скопје, кој во текот на денот бил во домот на Г.П. и користел хероин. По целосно документирање на случајот, во координација со јавен обвинител, ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 18.03.2024 во 16.00 часот на подрачјето на Центар во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје лишиле од слобода малолетник од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 18.03.2024 во 14.50 часот на подрачјето на општина Аеродром во Скопје, полициски службеници од Единицата за внатрешни работи Аеродром и Дојчево при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.Р.(19) од Република Бугарија затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Во текот на вчерашниот ден (18.03.2024) Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 156 возачи. Од нив пет возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното. Притоа, 73 возила ја пречекорале брзината во населено место, а 83 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (18.03.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 152 мерки, меѓу кои за возење без дозвола 18 санкции, 25 мерки за некористење сигурносен појас, осум санкции за непропишо пречиструзување на возила...

На 19.03.2024 околу 01.05 часот во СВР Битола било пријавено дека на патот Прилеп – Битола, во близина на Прилеп, се случила сообраќајна несреќа помеѓу товарно возило „ман" со битолски регистарски ознаки, управувано од Д.М.(58) од Битола и патничко возило „ауди" со прилепски регистарски ознаки, управувано од Д.К.(20) од Прилеп. Во несреќата возачот Д.К. се здобил со тешки телесни повреди констатирани во болницата во Прилеп. Увид на местото извршила екипа од СВР Битола.

На 18.03.2024 околу 12.50 часот во СВР Струмица било пријавено дека на магистрален пат Струмица – Ново Село, делница помеѓу селата Босилово и Турново, патничко возило „фолксваген поло" со струмички регистарски ознаки, управувано од 40 годишниот В.Д.Т. од село Стинив, општина Ново Село, излетало од коловозот. Од задобените повреди починало бебе, кое било превезувано во возилото, а смрт констатирал лекар во Медицинскиот центар Струмица. Со телесни повреди се здобиле В.Д.Т. и солатничката С.Т. (49) од село Доброшинци, струмичко. Увид на местото извршиле Јавен обвинител и екипа на СВР Струмица.

На 18.03.2024 во 22.45 часот во Полициската станица Гази Баба, З.Н.(59) од Скопје пријавила дека на ул.„Зеничка" во Скопје била касната од куче скитник.

На 18.03.2024 во 12.00 часот, А.М.(34) од Кичево во полициска станица пријавил дека на улицата „Душан Јовески" бил каснат од куче скитник. Истиот ден, Р.Ј.(66) од кичевското село Србјани пријавил дека на локалот пат во селото бил каснат од куче скитник.

На 18.03.2024 во 19.00 часот, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје при ОВР Кавадарци ги лишиле од слобода З.Ѓ.(56) и Б.П.(33) од село Сирково, кавадаречко. При претрес во нивниот семеен дом, извршен со наредба да се пронајдат и го распишана потерница, го привеле 42-годишниот гостиварец М.Х. за издржување на мерка притвор до 30 дена за сторено кривично дело „овозможување на употреба на наркотични дроги", казнено по член 216 од Кривичниот законик. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор Скопје за издржување на мерката.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против М.У.(20) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување опасност". На 10.03.2024 во 03.40 часот, тој со уште едно лице, со запалена течност предизвикал пожар во угостителски објект на булеварот „Туристичка" во Охрид. Судија на претходна постапка на М.У. му одреди мерка притвор во траење од 30 дена, по што е пребрлен во Казнено - поправната установа Затвор Охрид за издржување на мерката.

На 18.03.2024 од 10.00 до 15.00 часот на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Тетово спроведена е акциска контрола на возила кои вршат превоз. При контролата откриени и санкционирани се 2 возила (ТЕ-1 и ГБ-1) со неисправни сопирачки и 1 возило (ТЕ) со истечена регистрација. Неисправните возила веднаш се исклучени од сообраќај и изготвени им се предвидените поднесоци со паричени казни од 400 евра за физичко, 2000 евра за правно лице и плус 500 евра во денарска противвредност за неговото одговорно лице. Во вчерашната контрола, исто така, санкционирани се и 2 возачи (ТЕ) кои управуваат возило без положен возачки испит, 10 возачи (ТЕ) кои непропишо ги паркирале нивните возила, од кои 5 возила биле и подигнати од тетовската „лајак-служба", како и 12 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-10 и ГБ-2).

На 18.03.2024 од 10.00 до 14.00 часот на подрачјето на Струга извршени се засилени сообраќајни контроли. Притоа, полициските службеници затекнале и санкционирале 21 возачи кои управувале моторни возила со брзина поголема од дозволената (06 надвор од населено место, 15 во населено место).

На 18.03.2024 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 17 прекршоци, од кои 9 надвор од населено место и 8 во населено место. Санкционирани биле и 36 други видови на прекршоци.

На 18.03.2024 околу 20.00 часот на улица „Гоце Делчев" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода 50-годишниот А.Т. од Република Албанија. Тој пристојно бил пријавен од 54-годишен гостиварец дека на 14 и 15 овој месец во Гостивар, во два наврати, се доближувал на неговата малолетна ќерка и ја допирал по телото. А.Т. е задржан во Полициската станица Гостивар за целосно расчистување и документирање на случајот, по што против него ќе следува соодветен поднесок.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Р.Ц.(47) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем". Тој, од личен профил на социјалната мрежа Фејсбук во повеќе навратни образувал коментари со содржината и наредлива содржината.

На 17.03.2024 околу 17.30 часот во атарот на тетовското село Доброште, во месноста „Орман", надлежните од ова село, управувајќи четириколо со тетовски регистарски ознаки, сопственост на неговиот татко, изгубил контрола движејќи се по патот, паднал и се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во тетовската клиничка болница, додека сопатникот, исто така, малолетник, се здобил со телесни повреди. Увид на местото вчера (18 март) извршила екипа од СВР Тетово.

На 19.03.2024 во 00.30 часот во Битола, полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода П.К.(40) од Битола. Тој се сомничи дека на 18.03.2024 околу 23.35 часот со трактор оштетил влезна врата на казино во Битола, како и неколку столчиња пред влезот на казиното. По документирање на случајот, против него ќе бидат поднесена соодветна пријава.

На 18.03.2024 во 14.25 часот на улица „Марко Цепенков" во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид го привеле Ј.М.(46) од Охрид затоа што се однесувал агресивно кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. При приведувањето бил извршен прегледа кај него, при што дека пронајдена и одземена марихуана. Во врска со настанот, Ј.М. пријавил дека, при преземањето мерки кон него, полициските службеници употребиле прекумерна сила, при што се здобил со тешки телесни повреди. За настанот бил известен јавен обвинител и Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионалним стандарди при МВР. По целосно документирање на случајот, ќе бидат поднесена соодветна пријава.

Денеска (19.03.2024) во 02.30 часот во СВР Скопје, 50 - годишна жена пријавила дека на 16.03.2024 околу 14.00 часот во скопско била физички нападната од нејзиниот партнер М.Н.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.03.2024 во 23.15 часот во СВР Скопје, М.К.(31) од с.Кучевиште, скопско, пријавил дека околу 22.30 часот пред угостителски објект во селото бил физички нападнат од А.К.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.03.2024 во 10.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на општина Аеродром, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Е.Х.(48) и Е.Р.(67), двете од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 18.03.2024 во 21.00 часот во СВР Скопје, од Казнено – поправната установа Затвор Идризово било пријавено дека А.Ѓ.(23) со остар предмет бил нападнат од Р.Р.(35), двајцата осуденици од установата. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.03.2024 во СВР Битола, В.Ѓ.(35) од Битола пријавил дека кај месната заедница „Тодор Ангелевски" во Битола бил каснат од куче скитник.

На 18.03.2024 во СВР Битола, М.К.(23) од Битола пријавила дека во с.Долно Оризари, битолско, била касната од куче скутник.

На 18.03.2024 во 17.50 часот во СВР Тетово, 40 - годишен жител на тетовска Бревница пријавил дека неговата малолетна ќерка во селото била касната од куче скитник.

На 18.03.2024 во 19.00 часот во СВР Тетово, 42-годишната тетовка М.С. пријавила дека на улица „Борис Кидрич" во Тетово нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 18.03.2024 во 14.30 часот во СВР Тетово, 50 - годишниот Б.С. од скопско пријавил дека на улица „101" во Гостивар бил каснат од куче скитник.

ОВР Неготино поднесе кривична пријава против Д.Ѓ.(20), Н.Ј.(23) и К.Р.(22), тројата од Неготино, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „разбојништво", казнено по член 237 од Кривичниот законик. На 25.02.2024, пријавените со закана со пиштол кон вработените од казино во Неготино одделе пари.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против U.C.(33), Д.С.(31) и малолетник, сите од с.Слатино, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 20.01.2024, пријавените физички го нападнале А.А. од с.Слатино и му нанеле повреди.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против малолетник од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 05.07.2023 пред угостителски објект во Тетово, пријавениот физички нападнал друг малолетник.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ф.Д. од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 17.01.2024, пријавениот во угостителски објект во Тетово физички го нападнал З.Р..

СВР Скопје поднесе кривична пријава против С.С.(20) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање на промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". Полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот и с.Сингелник, скопско при што биле пронајдени и одземени хероин, марихуана и дигитални ваги.

СВР Велес поднесе кривична пријава против Т.А.(28) од Велес поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 13.03.2024, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одделе хероин и две дигитални ваги.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Х.Т.(36) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторено кривични дела „ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем" и „давање лажен исказ". На 30.11.2023 на социјална мрежа Фејсбук, на објава на портал, објавил коментар со кој поттикнал омраза и нетрпеливост. Во службен разговор во полициска станица, пријавениот изјавил дека му бил хакиран профилот на социјалната мрежа, но во било утврдено дека дал лажен исказ.

Надворешна канцеларија за криминалистички работи Крива Паланка поднесе кривична пријава против И.П.(45) од Крива Паланка поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „мачење животни". Пријавениот, подолг временски период ги оставал без храна и вода домашните животни во неговата фарма што било потврдено при одбукција на дел од животните.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ш.Ф.(57) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „правење на јавен превоз без посадување на лиценца". На 10.04.2023 на регионалет пат Тетово - Пирок, полициски службеници извршиле контрола на патничко возило, кое го управувал пријавениот, при што констатирале дека врши јавен превоз на патници без да поседува лиценца.

ПОЛИЦИЈА ПОЛИС
ПОЛИЦИЈА ВЕЛИКОРПИЈА
Овој услуг и апликацијата на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Даниел Марчеф бр.9, 1000 Скопје,
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-пошта: kontakt@mol.gov.mk
Изработено од Унет